**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 26 (дваесет и шеста) седница на Советот на општина Долнени на ден 23.06.2023 год. во 11:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н р е д

42. Усвојување на Записникот од дваесет и петата седница на Советот на општина Долнени.
43. Разрешување и именуван преседател на месната заедница с.Црнилиште.
44. Одлука за предлогот од група граѓани за прочистување на речното корито во с. Лажани.

45. Одлука за усвојување на иницијатива на урбанистичка документација на локација во КО Небрегово од страна на ФИМАР БАЛКАН.
46. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени

Хусеин Хасановиќ

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 26 (дваесет и шестата) седница на Советот на општина Долнени на ден 23.06.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 11:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Пересќи, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесет и петата седница на Советот на општина Долнени.
2. Разрешување и именуван преседател на месната заедница с.Црнилиште.
3. Одлука за предлогот од група граѓани за прочистување на речното корито во с. Лажани.
4. Одлука за усвојување на иницијатива на урбанистичка документација на локација во КО Небрегово од страна на ФИМАР БАЛКАН.
5. Разно.

Вака преставениот дневен ред пред советниците беше ставен на гласање од кој сите советници гласаа ЗА.

1. По однос на првата точка од дневниот без никакви забелешки од страна на советниците беше ставен на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2.По однос на втората точка од дневниот ред претседателот на совет ја образложи изјавата на претседателот на Месната Заедница од с. Црнилиште дека поради лични причини дава оставка од местото претседател на Месната заедница. Точката беше ставена на гласање за прифаќање на оставка беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

3.По однос на третата точка од дневниот ред претседателот побара од одговорните да се направи план за негово чистење и да се реши тоа што поскоро затоа што со врнежите на дожд настанува проблем во с. Лажани. Советникот Сеад Колашинац порача да се запри урбаната мафија и да се среди речното корито да не страдаат мештаните. Овај предлог за чистење на речното корито беше ставен на гласање од којсите 15 советника гласаа ЗА.

4.По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

5. По однос на петата точка од дневниот ред претседателот ги прочита барањата кои беа упатени до советот на општина Долнени.
Барање од група на граѓани од с. Лажани кој барат да им се општината да им додели цевки ф 1000 за неприлагодениот премин до нивите. Советот донесе заклучок да им се набават цевки колку што се потреби.

Барање од организаторите на турнирот во мал фудбал во с. Црнилиште
Советот донесе заклучок да им се додели 30.000 денари. На име на организаторот Нади Садикоски.
Записник од Кризниот Штаб на Општина Долнени. Кој е составен на ден 12.06.2023 година поради поплавата во населено место Лажани. И се ангажирани багер и камион од страна на фирмата Дино Травел од Лажани.
Барање од Латифа Хасановиќ поради компликациите во бременоста треба да оди почесто на прегледи. Советот донесе заклучок да и се доделат 20.000 денари.
Барање од црковниот одбор од с. Лажани кои бараат да им се доделат 30кубика песок. Советот донесе заклучок да им се доделат 30кубика песок.
Барање од Фестивал на народни песни и инструменти„Пецо Даскалот“ од Долнени. Советот донесе заклучок да им се доделат 95.000 денари.
Барање од сограѓани од с. Лажани кои имаат проблем со лицето Мехо Башевиќ кој ги чува овците во неговиот двор, а од ним има голема и лоша миризба што не можеме да излеземе надвор да седиме во сопствените дворови. Советот донесе заклучок да се формира комисија за полски штети и да се реши проблемот пошто законски добитокот не смее да се чува во населено место.
Барање од Месната заедница заедно со Црковниот одбор од црквата св. Атанасиј од с. Сенокос кои бараат финансиска помош или да им се плати доставената фактура за реконструкција и до изградба на Црквата. Фактурата ќе се достави доколку барањето се прифати од страна на советот. Советот донесе заклучок да се плати фактурата која ќе биди доставена до општина Долнени.

Барање од здружение на граѓани Илинденски Марш 1978 година. Советот донесе заклучок да им се доделат 6.000 денари на име на здружението.
Барање од д-р Мурат Алиу од с. Црнилиште кој е автор на книгата „ Да се истакне насловот на книгата“. Советот донесе заклучок да му се доделат
20.000 денари на име Мурат Алиу.
Барање од Куштрим Ала кој бара да ги покрие трошоците за продолжување на мастер студии. Советот донесе заклучок да му се доделат 15.000 денари.
Барање од Боце Видески од с. Долнени. Кој бара финансиска помош за погребот на неговиот соселанец Живко Котески од с. Долнени. Советот донесезаклучок да му се доделат 5.000 денари. На име Боце Видески од с. Долнени.

З а п и с н и ч а р
______________________
Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина Долнени
______________________
Хусеин Хасановиќ